# ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ ДЕН

# „ ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА КОНФЛИКТИ“

## (ВИДОВИ КОНФЛИКТИ)

**ВОВЕД ВО КОНФЛИКТ И СИТУАЦИЈА 1:**

**Конфликт е судир на интереси. Основата на конфликтот се разликува, но секогаш е и ќе биде дел од општеството. Основа на конфликтот може да биде лична, расна, класна, политичка, меѓународна и др.**

**Овој конфликт се случуваше на 7ми март 2020 на малиот одмор пред часот по музичко образование. Конфликтот се разви поради различното мислење во врска со 8ми мартовскиот подарок за нашиот класен раководител.**





**СИТУАЦИЈА 1:**

**Теодора Ничева: Па што решивме за подароток за класната?**

**Виктор: Ќе купиме цвеќе!**

**Нина: НЕЕ, зошто не собереме повеќе пари и и купиме нешто што ќе и значи?**

**Христијан Цветановски: Бегај бе, не планирам да трошам пари за такви глупости.**

**Љубица: А зошто да не и купиме ташна? Тоа би ја израдувало.**

**Анастасија: ЉУБИЦЕ ТИ НОРМАЛНА ЛИ СИ? УШТЕ ТОА НИ ФАЛИ ЗНАЧИ НЕ МОЖЕ ДА ТРОШИМЕ ТОЛКУ ПАРИ!!!**

**Марија: Мене ми дадоа пари само за цвеќе и немам намера да давам повеќе од тоа!**

**Настески: Па добро ти не мораш да даваш, ќе и купиме ние, ти како си сакаш, не ми е гајле.**

**Ева: А добро ти што мораш секаде да се мешаш? Ако не сака нема да даде, што ти е тебе гајле!**

**Лела: ААААА аман бе доста се карате значи не можам да ве слушам како се дерете значи на нерви ми одите УУУУХХХ!!! ПОРАСНЕТЕ БЕ!**

**Огнен и Настески: Лела ај доста досадуваш, оди седни си на место.**

**Лела: АМА ДОСТА БЕЕ!**

Виктор: Добро, доста зборуваш веќе, ајде кажете  што ќе правиме за поклонот?

Андреј: Леле ама сте досадни, како баби на пазар сте навистина.

СИТЕ: АХХАХАХАХХАХХАХАХАХАХАХХАХА!!!!!

Вероника: И сега што ќе правиме со подарокот?

СИТЕ: *голема бучава*

Наставничка Ирена: АЛО БРЕ КАДЕ СЕ НАОЃАТЕ?!?!? ВЕДНАШ ДА СЕ СТИШИТЕ!!!

Анастасија: Наставничке значи трескаат глупости, бог да чува се, не можам веќе!

Теодора: Добро што викате толку, што се слушува?

Ана: Значи глупости, место само да купиме ташна некоја и да ја израдуваме класнана, овие сега цела збрка направија од ништо буквално!

Настески: А зошто да не купиме само цвеќе и готово?!?

Виктор: Да, Насте е во право!

Деспина: А зошто да не ги купиме и двете? Наместо голем букет, нешто подискретно и наместо скапа ташна, нешто поевтино, така ќе ни стигнат планираните пари за се.

СИТЕ: Можеби тоа би работело, во ред.

**РЕШЕНИЕ НА СИТУАЦИЈА 1 :**




**Околу 7:58 на 8ми март 2020, кракто пред да заѕвони ѕвончето за првиот час, сите се сокриваме и ја изненадуваме класната со мала ташна и букет.**

**СИТЕ: СРЕЌЕН 8МИ МАРТ НАСТАВНИЧКЕ!**

**Класната: Навистина ви благодарам, но не сте требале да се трошите, преубаво е!!!**

**СИТЕ: Наставничке, вие заслужувате подарок, тоа е најмалку што можеме да сториме.**



**Ние го решивме нашиот конфликт со тоа што ги купивме двата подароци, но не купивме преголемо цвеќе, ниту прескапа ташна, туку мал букет и таша со пониска цена така што буџетот беше прикладен за сите и воедно ги задоволуваше интересите на сите.**

**Конфликтот исто така може да се реши со гласање, кое исто така е демократско решение со кое сите ќе мора да се задоволат.**

**ВОВЕД ВО ПРИЈАТЕЛСТВОТО И СИТУАЦИЈА 2:**



**Пријателството. Многу интересен збор. Но, тој не е само мноштво букви, тој е далеку повеќе од тоа, пријателството е начин на живот. Секое пријателство е убаво, но и турболентно, а пример за такво другарство се Дарина и Елиф.**

**Дарина и Елиф се најдобри другарки и соученички во 9 одделение во основното училиште„ Кирил Пејчиновиќ“. Тие прават се заедно, учат заедно, другаруваат заедно, плачат заедно... Просто се што можат да прават две најдобри другарки. Но, пред неколку недели помеѓу нив две дојде до еден голем проблем, подобро наречен конфликт во кој што двете другарки си нанеле толку многу болка и тага што скоро довело до крај на тоа убаво пријателство.**



**СИТУАЦИЈА 2:**

**Беше понеделник. Конечно пристигна тој долгоочекуван тест по математика кој што во душата на секој деветтодделенц влеваше страв од тоа да не не успее да добие добра оценка. Сите беа растргнати на сите страни, повторуваа, сите си влеваа мотивација и надеж меѓусебе дека ќе го поминат тестот. Меѓутоа имаше еден исклучок, Дарина воопшто не учела. Дарина сметаше дека ќе може да се наслони на Елиф која што беше секогаш одлична ученичка и која редовно си ги извршуваше своите училишни задачи. Не дека Дарина не беше одлична ученичка, и таа учеше, но математика воопшто не и одеше, па си велеше „ јас колку и да вежбам и да се трудам ќе биде за ништо“.Кога започна тестот Елиф примети дека ги знае сите прашања и започна да ги решава, но Дарина незнаеше ниту едно. После некое време Дарина започна да и потшепнува на Елиф да и каже некое прашање, но таа не се ни обидуваше да го насочи погледот кон Дарина. Си го решаваше сопствениот тест. Кога заврши тетстот, двете девојчиња до крајот на училишниот ден не си прозбореа. Следниот ден, кога наставничката ги соопшти резултатите од тестовите, Дарина дозна дека имала 2, а Елиф 5. Кога завршил часот, во училишниот ходник Дарина и се развикала на Елиф зошто не и помогнала, а Елиф и рекла дека тоа не**

**РЕШЕНИЕ НА СИТУАЦИЈА 2:**

**После неколку дена откако класниот раководител забележал за непријатностите и конфликтот помеѓу Дарина и Елиф, знаејќи дека се најдобри другарки , веднаш по часовите ги викнала да разговараат и да го решат проблемот. Класниот раководител кога дознал за ситуацијата со обидот за препишување многу се налутила. Меѓутоа добро познавајќи ја Дарина дека е бистро девојче кое постапило без размислување за миг и простило, но ја предупредила дека ако повторно се случило такво нешто ќе морала да превземе посторги мерки. Во очите на Дарина се забележало каење. Дарина не се потрудила да побара извинување од Елиф за грешката што ја направила иако многу се двоумела дали да го направи тоа. Елиф гледајќи што се случува и рекла бидејќи знаела дека не и оди многу математиката и понудила помош и соработка заедно да вежбаат. На тие часови за вежбање по математика Елиф и Дарина и покрај тоа што успеале да ги совладаат проблемите по математика заедно, на тие часови успеале и да го изградат повторно своето другарство од цврст темел и создале еден непробивлив ѕид за сите лоши мисли и чувства.**

**Ако речеме дека овој свет е совршен, ќе биде совршен ќе излажеме. Ние сите мислиме дека овој наш свет конечно станал убаво место, во кое што нема никакви караници- конфликти, лошотија, злоба, неправедност, но ние самите себе си си ставаме такви мисли во умот, а всушност тоа е една голема лага. Овој свет никогаш нема да биде совршен. Тоа замислено совршенство влева надеж во очите на луѓето, ама тоа лаже, мами. Сега не можеме да го наречеме современиот свет царство на темнината во кое владеат лагата и лошотијата, злобата и конфликтот, но не можеме да речеме дека и се е така розево. Единствен начин на кој што можеме да создадеме убаво место, а не совршено за живеење е тоа да научиме да живеема да се справуваме со недостатоците. Главен во проблемите на денешниов свет е конфликтот. Не може да го снема конфликтот, не може да исчезне како магија. Ние, луѓето треба да научиме да живееме со него, да се справуваме преку многубројни техники( медијација, соработка, преговарање) , да бидеме смиреи, да ја слушаме другата личност. Ова е многу важно бидејќи како што велат„ луѓето ќе ги заборават лошите зборови кои што сте им ги кажеле, но никогаш нема да заборават како сте направиле да се чувствуваат“. Мора да се трудиме да бидеме смирени, но и да ги одбраниме нашите права, треба да воспоставиме еден баланс за да бидеме подготвени да се справиме со секоја ситуација. И само на овој начин ќе направиме едно несовршено место за живот, а тоа несовршенство го прави совршено.**




**НЕ ПОМАГАЊЕТО ОД СТРАНА НА ЕЛИФ ПРЕДИЗВИКАЛО ЛУТИНА КАЈ ДАРИНА ПОРАДИ ТОА ШТО ДОБИЛА СЛАБА ОЦЕНКА НА ТЕСТОТ.**

**ЧУВСТВОТО НА ПРЕДАВСТВО КОЕ ЈА РАНИЛО ДАРИНА ДИРЕКТНО ВО СРЦЕТО И ИСТОТО ТОА ПРЕДИЗВИКАЛО НЕПОЧИТУВАЊЕ, НЕДОВЕРБА И РАСТУР НА ДОЛГОГОДИШНОТО ПРИЈАТЕЛСТВО.**

**ВОВЕД ВО КОНФЛИКТИ НА ОНАЛАЈН НАСТАВАТА И СИТУАЦИЈА 3:**




**Секојдневно се среќаваме со конфликти во нашата околина, нашето соседство, училиште, работно место и слично. За еден конфликт е потребно да има две или повеќе различни страни со различни ставови и мислења, од кои настанале спротивности и несогласувања помеѓу тие страни, односно помеѓу личности или групи со различни интереси. Но, за конфликтот мора да постои и некое соодветно решение за да се заврши на добар и пристоен начин без тепачки, навреди и други вербални и невербални начини на конфликтот.**
**Во денешни услови за време на пандемија, физичкото присуство во училиштата е заменето со онлајн настава. Најголем дел од денот учениците го поминуваат пред нивните мали екрани, а копнежот за интеракција со нивните пријатели е поголем од било кога.**
**И затоа ова доведува до конфликти кои често се случуваат за време на онлајн наставата.**



**СИТУАЦИЈА 3:**

***Овие видови на конфликти започнуваат за време на малите одмори, кога неколку ученици разговараат околу своите интереси, но нивните соученици не се согласуваат со тоа и сметаат дека малите одмори имаат друга намена. Поради ова се појавуваат спротивности помеѓу учениците и доаѓа до конфликт кој најчесто изгледа вака:**

**РУБИН: Престанете да зборувате! Не не интересираат вашите празни разговори! Ако не престанете со ова ќе ви ги забраниме микрофоните.**
**АНА: Зошто толку ти пречиме? Остави не да зборуваме на мира.**
**ЛЕНА: Ние можеме да зборуваме за што сакаме, без тебе да те прашаме. Наш разговор, наша работа!**
**ЕКАТЕРИНА: Рубин е во право! Пробувам да учам, а вие ми го губите времето! Не сме должни да ги слушаме вашите разговори околу тоа кој е поубав, Тео или Лео!**
**КЛАРА: Се согласувам со идејата на Ека, не треба да губиме време на такви разговори кои не се важни. Треба да зборуваме и да си помагаме за училишните теми, како што е тестот по физика кој го имаме утре.**

## РЕШЕНИЕ НА КОНФЛИКТОТ:



*Вака овој конфликт не дојде до никакво решение, затоа што на работите се гледаше многу површно, а вистинските причини на овие деца за конфликтот не беа искажани. Мислењата на учениците беа потиснати со навреди и префрлување на вината околу проблемот, а самите ставови се изгубија во маглата на несогласување.



Можни начини кои се соодветни за разрешување на овој
конфликт се: ЈАС ГОВОР (секоја страна поединечно да ги искажува своите потреби, желби и проблеми и со тоа да
се избегне конфликтот и да се најде некоја соодветна средина и компромис

**Ако се водевме по овие техники, причините поради кои учениците не се согласуваа, можеа да ги искажат вака:**
**ЛЕНА: Не знаете колку ми е тешко. Со втората смена многу од времето ми е одземено и затоа сето останато време што го имам го посветувам на учење, домашни и проекти. Едноставно немам време да излегувам надвор, да зборувам со моите пријатели кои многу ми недостасуваат.**
**АНА: Јас живеам со баба ми и дедо ми, па мојот страв за нивното здравје е поголем од било што. Овој вирус ми забрани излегување со пријателите и затоа го ценам секој момент кој што можам да го поминам со нив.**
**РУБИН: Немам ништо против зборувањето на моите соученици, само сметам дека нивните разговори треба да ги задржат за себе. Исто така сметам дека целото одделение не мора да ги слуша разговорите надвор од заедничките теми за во училиште.**
**ЕКАТЕРИНА: Со онлајн наставата ми е многу потешко за учење. Ова ми претставува многу поголем предизвик и ме доведва до состојба кога треба дури и малите одмори да ги користам за учење. Тешко е да се учи додека некој цело време зборува.**
**КЛАРА: Кога зборувавме на одморот со Ека, таа имаше добра идеја во однос на учењето, но имам поразлична идеја во однос на зборувањето. Многу ќе биде корисно ако сите си помагаме со училишните обврски за да си ја олесниме работата.**
**СИМОН: Моите родители се многу строги и не ми дозволуваат да зборувам на социјалните мрежи. Поради ова сум немал можност да се спријателам со било кој од учениците и се чувствувам прилично осамено. Се надевам дека на малите одмори би можел повторно да контактирам со моите пријатели и барем малку поинтересно да ми помине денот.**
****Со претходно наведените техники што ги искористивме во вториот дијалог помеѓу учениците, дојдовме до заклучоци дека сите ученици заради нивна индивидуална причина, имаат различни ставови и мислења за тоа дали да се разговара за време на малите одмори. Со ова, ќе дојдеме до некое соодветно решение за решавање на конфликтот помеѓу учениците со различни мислења во едно одделение.**

ВОВЕД ВО СУРОВОСТА И СИТУАЦИЈА 4:

**Животот е како еден ролеркостер, бидејќи никогаш не знаеме што носи следното утро со себе. Понекогаш пречките се преголеми за нас, но мора да ги надминеме затоа што ако не турнат по патот за назад, патот за да станеме повторно на нозе е многу тежок. Еден таков пример во кој слабиот карактер и недоволната подршка и љубов ќе доведат до фатални последици е примерот со Тара. Таа е 14 годишно девојче кое на толку мала возраст созреа и ја дозна лошата и сурова страна на светот. Само до пред неколку месеци таа имаше среќно семејство, многу пријатели и смирен живот. Нејзиното семејство секој викенд одеше на пикници, прошетки, родендени, прослави и ручеци заедно со пријатели, но се тоа се смени за миг пред 7 месеци. Наеднаш наместо со миризба на топло јадење и смиреноста нивниот дом се исполни со секојдневни расправии помеѓу нејзините родители кои некогаш и завршуваа со физичко насилство. Целиот живот на Тара се влоши едно попладне кога таа се враќаше од училиште и го забележа татко и како влегува во автомобилот заедно со неговите куфери и си заминува. Кога влезе во куќата ја најде нејзината мајка на подот во кујната облеана во солзи и скршени парчиња стакло насекаде околу неа. Кога таа ја здогледа Тара во куќата веднаш се упати кон неа и почна да вика.**

**СИТУАЦИЈА 4:**

**МАЈКАТА: Ти! Ти ми го уништи бракот и животот. Твоето постоење уште од почетокот беше грешка. Мислев дека ако те родам јас и Милан ќе станеме поблиски и нашата љубов ќе процвета зошто тој многу сакаше да имаме дете, но ни тој ни јас не сме способни да бидеме родители, а ти само ни го докажа тоа.  Без тебе јас и Милан сега сигурно би биле сеуште вљубени, би излегувале со пријатели и би се грижеле само еден за друг, а не за тебе и твоите глупави проблеми. Зошто ја направив оваа грешка? Зошто?**

**ТАРА: Но мамо...**

**МАЈКАТА: Не ме нарекувај мамо. Јас повеќе не сум твоја проклета мајка. Да му се сневиди.**

***Мајката фрла чаша.**

**Тара успева во последен миг да го избегне нападот  и ја спушта главата. Стаклото се распрскува на сите страни и Тара е преплашена и изненадена од однесувањето на мајка и и пробува да дознае која е причината за него.**

**ТАРА: Мамо што се случи? Те молам кажи ми.**

**МАЈКАТА: Прво ти кажав веќе дека не сакам да ме викаш мамо. Твојот татко ме напушти мене за ,,помлада" и ,,поубава" кучка.  Ама зошто ме остави? Бидејќи јас се упропастив за тебе, си го упропастив животот и го запоставив татко ти само за да ти се посветам на тебе и што добив за возврат?  Буквално ништо само растурено семејство и трошоци, бидејќи твојот драг татко си замина со сите пари и ми остави милион трошоци, во знак на одмазда. Браво! Успеа да ни го уништиш семејството и бракот. Ти честитам!**

**ТАРА: Из из извини...**

**МАЈКАТА: Не можам веќе да те гледам, губи ми се од пред очи и напушти ја куќава веднаш.**

**ТАРА: Ам ама мамо каде ќе одам, каде ќе живеам?**

**МАЈКАТА: ЈАС НЕ СУМ ПОВЕЌЕ ТВОЈА МАЈКА!**

„Догледање”-вели Тара и го напушта тоа мрачно место и ја остава зад себе нејзината мајка која го вади второто шише виски од ладилникот и не го ни забележува заминувањето на својата ќерка. Со болката во душата Тара се запрашува.

„Дали навистина јас сум причината за распаѓењето на нашето семејство?”

*7 дена подоца Тара живее кај нејзината најдобра другарка Милена, но почнува да забележува чудни промени кај неа и другите ученици од училиштето.

ИВАНА: Еј, луѓе видете еве го бездомното куче. На, повели корка леб да не седиш гладна. Ха ха ха.

ЈОВАН: Куцо, слушнав дека ти е студено. Сакаш да ти го дадам мојот скинат џемпер за да се загрееш, затоа што ноемвриските ноќи се доста студени надвор.

МИЛЕНА: Не не не, знам што треба да направиме. Треба да напишеме оглас „Кој сака да вдоми едно куче бездомник без родители, гладно и изнемоштено. Со тоа ќе го усреќите ова мало дебело и малку грдо кученце и ќе направите добро дело. За повеќе информации јавете се...

ТАРА: Што ви е? Зошто се однесувате така кон мене? Што ви имам направено за да заслужам ваков однос? И не сум бездомно куче без родители.

МИЛЕНА: Ха, ха  па всушност си бездомно куче без родители затоа што те оставија родителите и те избркаа од дома, а сега те бркам и јас. И ако се прашуваш што си направила и зошто си заслужила ваков однос на тоа требаше да мислиш пред да почнеш да крадеш од кај мене дома. Зар од мене и моите родители да крадеш? Ние кои те примивме во нашиот дом кога беше на улица? Срам да тие бесрамничке една!

ТАРА: Но јас никогаш ништо немам украдно...

МИЛЕНА: Не лажи повеќе. И ТВОИТЕ работи те чекаат кај отпадот позади мојата зграда. Сега губи ми се од пред очи.

Во училницата.

НАСТАВНИЧКАТА ВЕСНА: Добар ден ученици. Како што кажав претходниот час, денес ќе испрашувам, па да видиме кого одамна не сум го чула... Хмм ајде Тара Јовановска. Ајде Тара стани да слушнеме што си научила, покрај твоите други способности.

ТАРА: Па ја јас не не можев да научам за денес.

НАСТАВНИЧКАТА ВЕСНА: А така ли, па баш би сакале да чуеме зошто ти не можеше да научиш. Можеби си била зафатена со други работи.

ТАРА: Мојот учебник го снема минатата недела и јас немав од каде да научам.

НАСТАВНИЧКАТА ВЕСНА: За се има решение и сум сигурна дека си можела да позајмиш учебник од пријателите, ако навистина си немала учебник или пак оваа е уште една од твоите лаги. Како и да е, овој одговор е за еден, а сега седни на место мала крадливке.

ТАРА: Јас не сум крадливка.

НАСТАВНИЧКАТА ВЕСНА: Молам што рече? Не си крадливка. Па јас не мислам така. Сите се согласуваме дека ти си лажливка и крадливка што сака да манипулира со другите. Сега дојде крај на тоа и конечно твоето вистинско лице излезе на виделина.

ТАРА: Зошто окривувате луѓе без да имате докази. Сега ќе повторам по стотти па, ЈАС НЕ УКРАДОВ НИШТО. А Вие што мислите така и што Ви е мило да ме видите несреќна, Ви честитам Вие сте одлични, забавување на туѓа сметка, ха ха навистина браво.

НАСТАВНИЧКАТА ВЕСНА: Губи се од мојата училница. Ти не само што си лажливка и крадливка, ти си едно безобразно и невоспитано детиште кое не знае да се контролира. Надвор!!!

ТАРА: Довидување на сите.

На влезот од училиштето се судира со едно друго постаро девојче со црна коса и темни очи.

ТАРА: Извини.

ИВОНА: Е е полека малку. Каде трчаш вака?

ТАРА : Јас морам да излезам надвор...

ИВОНА: Во ред, смири се и диши длабоко. Ајде дојди со мене надвор.

Пробува да ја смири Тара и ја седнува на клупа.

ИВОНА: Полека ајде кажи ми што се случи.

ТАРА: Не би сакла и тебе да те заморувам со моите приказни, зошто 99% од луѓето не ми веруваат и ме сметаат за лажливец и крадец. Не ги разбирам како може да се такви зли и да веруваат во се освен во мојата вистина.

ИВОНА: Епа тогаш ти доаѓаш со мене, сигурна сум дека јас и моите пријатели би ти помогнале на некој начин.

ТАРА: Но јас не ти ни познавам тебе и не би сакала да ти додевам уште повеќе.

ИВОНА: Да ти се претставам, јас се викам Ивона и воопшто не ми додеваш, баш би сакала да те запознаам и јас тебе и да ти помогнам некако.

ТАРА: Јас се викам Тара...

Тара ги здогледува пријателите на Ивона и срамежливо ги поздравува.

ТАРА: Здраво.

МОМЧЕ: Ивона кој е ова?

ИВОНА: Дојди на страна ќе ти објаснам.

После разговорот на Ивона со пријателите.

ИВОНА: Бидејќи знаеме дека немаш каде да одиш ние се договоривме да ти понудиме да живееш со нас додека не се снајдеш.

ТАРА: Ама зошто би ми помогнале на мене? Девојче кое тукушто го запознавте.

ИВОНА: Ние веруваме дека ти си супер девојче и ни е жал да те оставиме сама на улица затоа сакаме да ти помогнеме.

ТАРА: Да да , ви благодарам премногу, вие сте навистина прекрасни луѓе. Јас не знам како да ви се оддолжам.

МОМЧЕТО: Ајде сега дојди со нас, да ти го покажеме нашиот стан.

*Тара цел месец не оди на училиште и целото свое време го поминува со новите пријатели. Тие ја носат на забави, ја тераат да пуши и да пие, а таа прифаќа се само за да не ја остават на улица. Една вечер, на една забава Тара се забавува и едно момче и праќа пијалок. Таа не размислува многу и го пие на екс, но Ивона ја вика да излезе надвор со неа за да и каже нешто многу важно. Тара е помалку исплашена, но по нејзините зборови таа е шокирана.

ИВОНА: Извини што вака морам да ти кажам, ама времето истече.

ТАРА: Молам? Какво време? За што зборуваш?

ИВОНА: Слушај вака денот кога ти ,,помогнавме", ние смисливме еден план. Направивме кладба дали за еден месец живеење со нас ќе успееме да те смениме и да ти кажам право успеавме во тоа. А бидејќи успеавме во рок од еден месец да те трансформираме во една од нас, времето истече, кладбата заврши и заврши твоето престојување кај нас. Ти ги оставив работите на скалите иако другите ми велеа да ги фрлам, па ако сакаш земи ги ако сакаш не, но би сакала сега да се губиш зошто веќе ми стана досадна и сега си доби нова титула покрај лажго и крадец...Пијаница и пропалитет. Хахаха.

ТАРА: Како можеше? Ах проклети да сте сите и јас што ви поверував. Како може да бидете такви? Зар не мислите на чувствата на другите? Сите сте исти, само гледата да наштетите на некого за забава и сатисфакција. Вие сите сте бездушни и безчувствителни!!!

ИВОНА: Дете ај доста веќе. Оди си пред јас да те избркам.

Тара почнува плачејќи да оди да си ги земе работите, но одеднаш и се замаглува погледот и црнило се појавува пред нејзините очи.

*Следното утро таа се буди во болнички кревет со доктор и една постара жена над нејзината глава. Таа го наслушнува нивниот разговор без тие да ја приметат и е запрепастена од зборовите што ги слуша.

ДОКТОРОТ: Направивме тестови и најдовме голема доза на алкохол во нејзиниот организам, но најдовме уште нешто. Откривме дрога во нејзиниот организам.

ТАРА: Но јас никогаш не сум се дрогирала!

ДОКТОРОТ: Гледам дека сте будни и затоа би сакал да зна како се чувствувате?

ТАРА: Но јас никогаш не сум пробала дрога. Бев на забава,играв, потоа едно момче ми даде пијалок и после Ивона ми кажа за кладбата и после ми се зацрни погледот и потоа на ништо не се сеќавам.

ДОКТОРОТ: Очигледно е дека некој ве издрогирал, претпоставувам дека дрогата била во пијалокот од момчето, но Ве молам смирете се. Ние Ви го исчиствивме желудникот и Ви дадовме лекарства.

ТАРА: А која сте вие?

БАБАТА: Мила јас сум твојата баба, мајка на твојата мајка.

ТАРА: Но таа никогаш не спомна дека има мајка, таа рече дека нема родители.

БАБАТА: Знам, таа не сакаше да има никаква врска со мене и не ми дозволи да те видам иако безброј пати ја молев.Прости ми те молам, но навистина не знаев што се случувало во твојот живот. Ќе можеш ли да ми простиш?

**РЕШЕНИЕ НА СИТУАЦИЈА 4 :**

**ТАРА: Јас ќе пробам и би сакла да Ве запознаам подобро. Но ме интересира зошто мајка ми никогаш повеќе не сака да има контакт со Вас.**

**БАБАТА: Те молам злато не ме персирај, а причината зошто мајка ти ги прекина сите контакти со мене е долга приказна.** Таа на многу млада возраст се заљуби во едно момче, односно твојот татко и беше подготвена на буквално се за да остане со него. Не би сакала да зборувам за ова, ама мислам дека нејзината огромна љубов прерасна во опсесија и ги тргна сите луѓе што ќе им го попречеа патот. Јас пробав да и кажам дека е премногу млада за да си го остави животот за еден маж, ама како што можеш да претпоставиш таа не ме послуша и го остави образованието за да се венча со татко ти. Тој уште на почетокот на нивната врска свати дека таа ќе направи се за него и си поигруваше со неа. Кога дедо ти почина целото наследство и го остави на мајка ти, а татко ти кога го дозна тоа ја натера да ги префрли парите на ,,нивна заедничка" сметка со која само тој ќе може да управува. По некое време почнаа и проблемите во нивниот брак и мајка ти за да го задржи реши да те роди тебе и покрај тоа што беше неподготвена и не сакаше да биде мајка. Јас пробав да ја разубедам и да и кажам дека со тоа само ќе ги отежни работите и ќе го стави детето во тешка положба, бидејќи тој брак и со дете и без дете ќе се распаднеше. Кога мајка ти ги слушна тие зборови ме избрка од нивната куќа и ги прекина сите контакти со мене. Ете неколку години подоцна моите претпоставки испаднаа точни и во оваа ситуација ти си најголемата жртва. Твоите родители беа неодговорни, но немој да се чувствуваш лошо затоа што од сега па се додека сум жива јас ќе бидам со тебе и заедно ќе свртиме една нова страница и ќе почнеме нов подобар и посмирен живот.

ТАРА: Ти благодарам.

Иако на крајот се испадна добро имаше начини со кои ќе се избегнеа некои случки. Тара требаше да побара помош од некој повозрасен, бидејќи родителите ја напуштија и во училиште ја навредуваа и клеветеа за кражба. Таа можеше да побара помош од некои роднини или да поразговара со училишниот психолог и да му ја објасни целата ситуација. Таа никако не смееше да отиде по Ивона и не смееше да прифати да живее со непознати луѓе бидејќи последиците беа фатални. За нив можеби Тара беше само игра, ама да не беше на време однесена во болница Тара можеше да умре. Тара можеби можеше да побара помош од некоја установа, но сепак мислам дека најповолно би било да поразговара со психолог и со некој возрасен. На крајот беше среќна што се појави баба и, затоа што има многу примери во кои децата остануваат сосем сами на улица и едвај преживуваат.



# ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА ВНИМАНИЕТО!





